Општина Валандово
Република Северна Македонија

# ОГЛАС
## За аплицирање за еднократна помошна лица со попреченост на подрачјето на Општина Валандово

Еднократната парична помош согласно Одлуката на Совет бр. 08-82/5 од 29.08.2022 им се одобрува на лица со попреченост во менталниот или телесниот развој и ги опфаќа следните категории на лица:

- Со тешка или длабока интелектуална попреченост;
- Со пречки во телесниот развој;
- Со аутизам;
- Потполно слепо лице;
- Потполно глуво лице;

Еднократната паришна помош е во нето износ од 20.000,00 денари, и се доделува на лица со попреченост, жители на општина Валандово.

Подносителот на барањето за доделување на еднократна парична помош за себе или за член од семејството приложува:

- Наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченоста и посебните потреби на лица со пречки во развојот издадено од соодветна установа или потврда од центарот за социјални работи дека лицето остварува право на надоместок поради попреченост врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијална здраствена установа;
- Важечка лична карта за лицето кое бара еднократна парична помош или лична карта на родител/старател;
- Трансакциска сметка за лицето кое бара еднократна помош или трансакциска сметка на родител/старател;

Еднократниот паричен надоместок, ќе се исплати на лица до 65 годишна возраст, кои имаат една или повеќе видови на попреченост.

Барањето за доделување на еднократна помош за лица со попреченост, може да се поднесе:

- Онлајн преку веб или мобилна верзија на дигиталната платформа „мЗаедница“ во делот за „Субвенции“;
- Писмено пополнување и поднесување на барање до архивата на Општина Валандово;

Барањето може да се подигне од ВЕБ страна на општината www.valandovo.gov.mk или од Архивата на Општина Валандово.

Аплицирањето за еднократниот додаток ќе може да се реализира до 31.10.2022 година

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО